ЈКП КОМУНАЛЕЦ
Арх.бр.**03-363/1**
28.02.2022г.
Прилеп

Јавно комунално претпријатие

**ЈКП КОМУНАЛЕЦ-ПРИЛЕП**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ

## во 2021 година

**ФЕВРУАРИ ,2022 год.**

# ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА НА ЧЕТВРТОТО ТРОМЕСЕЧИЕ

# во 2021 год. на ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПРИЛЕП

Во четвртото тромесечие од 2021г. ЈКП Комуналец Прилеп финансиски покажува **добивка од 41.880,00** денари по основ на спротивставување на приходите и расходите според сметководствените финансиски податоци за период од 01,10,2021год. до 31,12,2021год.

## А. Приходи

Вкупните фактурирани приходи за ова тромесечие изнесуваат **53.946.376,50 денари**, од кои најголем дел 50.857.165,50 ден.односно околу 94%, се приходи од услуги на домашен пазар, а само 6% се приходи од кирии, камати и останати финансиски приходи. Од вкупните приходи остварени во овој квартал во 2021г. , најголем процент од 58% зема секторот за подигање и селектирање на отпад, секторот за одржување на ЈПП е 30% од вкупниот приход, секторот за одржување на гробишта е 7% од вкупниот приход, останатиот дел на приходи од 5% се приходи од камати, кирии и останати финансиски приходи.

**Споредба на приходите**

Вкупните приходи по синтетика за 4-от квартал од 2021г.споредени со вкупните приходи од 4-от квартал од 2020г.прикажани се во следната табела бр.1:

**Табела бр.1 : Приходи споредени 4 квартал од 2021 со 4 квартал од 2020-синтетика**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **конто** | **Опис На приход** | **Четврт квартал 2021** | **Четврт квартал 2020** | **Разлика 3-4** | **Разлика 5 во %** |
| 740 | Приходи од услуги | 50.857.165,5 | 49.717.107,0 | 1.140.058,5 | 2 |
| 747 | Приходи од кирии | 565.500,0 | 382.500,0 | 183.000,0 | 48 |
| 764 | Вишоци | 95.424,5 | 60.938,5 | 34.486,0 | 57 |
| 774 | Приходи од камати | 359.118,0 | 400.632,0 | -41.514,0 | -10 |
| 779 | Останати приходи | 2.069.168,5 | 1.036.731,3 | 1.032.437,2 | 100 |
| 767 | Прих. од субвенции | | 5.524.500,0 | -5.524.500,0 | |
| **7** | **Вкупно приходи** | **53.946.376,5** | **57.122.408,8** | -3.176.032,3 | -6 |

Од прикажаните податоци во аналитика во доставените материјали,позначајна разлика во приходите се согледува во следните ставки:

-синтетичко конто 740-22 приходи од хартија ;

-синтетичко конто 740-34 приходи од Локална самоуправа по програма за одржување и уредување на јавно прометни површини и паркови;

-синтетичко конто 740-46 приходи од работа со механизација , се однесува на чистењето на дивите депонии;

-синтетичко конто 747-1 приходи од кирии од Терминал поради стопирано фактурирање закупи према Терминал по основ на Covid -19 со одлука на Управен одбор во 2020г.;

-синтетичко конто 767-1 приходи од субвенции, донирана еднократна финансиска помош од Влада за јавните претпријатија према број на вработени во декември 2020година;

**-**синтетичко конто 779-8 Останати финансиски приходи се одложени приходи на идни периоди (ПВР) врз основа на државни поддршки ( финанасиска поддршка од Локална Самоуправа), кои настануваат на крајот на годината со пресметка врз основа на изработен амортизационен план. Во оваа ставка се амортизационите книжења на метларката , донација од Прилепска пивара, пресата и камионот Ивеко од 7+1 м кубен, добиени преку проектот Биореал, камионот Исузу од 6+1 метар кубен , за кого треба да добиваме капитални инвестиции од Локална самоуправа и од оваа година за камион Ивеко од 7м3 и кипер Ивеко 20м3.
**Како краен резултат , приходите од четвртиот квартал од 2021г. и 2020г. се разликуваат за 6% или 3.176.032,00 ден.**

**График бр.1 според табела бр.1**




| | 740 | 747 | 764 | 774 | 779 |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 квартал 2021 | 50.857.165 | 565.500 | 95.424 | 359.118 | 2.069.168 |
| 4квартал 2020 | 49.717.107 | 382.500 | 60.938 | 400.632 | 1.036.731 |

**Б.Трошоци**

Вкупните трошоци за четвртото тромесечие од 2021г. изнесуваат **53.904.496,50**денари,од кои :

*70% односно 37.702.568,00 ден. за бруто платата исплатена на 391 вработени во ЈКП Комуналец Прилеп и 7 вработени преку Агенција за вработување на 31.12.2021г.;

*7% односно 3.917.725,00 ден. за потрошена енергија ;

*5% односно 2.619.368,00ден.за потрошени суровини, материјали;

*5% или 2.690.575,00ден. за потрошени резервни делови,отпис на автогуми и извршени услуги за одржување и заштита;

*2% или 970.109,00 ден. за услуги;

*5% или 2.643.375,00 ден. за надоместоци за вработените за новогодишен надомест, регрес за годишен одмор и јубилејни награди;

*3% или 1.524.465,50 амортизација;

*3% за сите други останати трошоци.

**Споредба на трошоците**

Во аналитиката на трошоците во доставените материјали,позначајна разлика се согледуваат ставките прикажани во следната табела бр.2:

Табела бр.2 : Поголеми разлики во трошоците споредени 4 квартал од 2021 со 4 квартал од 2020-аналитика

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конто** | **Опис на трошок** | **Четврт квартал 2021** | **Четврт квартал 2020** | **Разлика 3-4** | **Разлика 5 во %** |
| 402-1 | Потрошена електрична енергија | 995.808,5 | 340.484,0 | 655.324,50 | 192 |
| 402-4 | Потрошена нафта | 2.315.093,5 | 1.147.667,5 | 1.167.426,0 | 102 |
| 413-13 | Услуга за одржување софтвер | 650.000,0 | 23.000,0 | 627.000,0 | |
| 420-1 | Вкалкулирани плати | 37.702.568,0 | 33.961.403,0 | 3.741.165,0 | 11 |
| 449-13 | Трошоци по договор за дело | 281.879,00 | 0 | | |

Објаснување на податоците во табела бр.2 :

*402-1 Потрошена електрична енергија- зголемување на цената на ел.енергија, разликата е добиена само за еден месец, декември2021г..

*402-4 Потрошена нафта –зголемен износ поради покачување на цената на нафтата , односно 38,18 во 12м.2020г. со 47,75 во 12м.2021 и зголемен број на возила;

*413-13 Услуга за одржување софтвер – инсталирање на софтвер за електронска наплата

*419-22 и 420-1 Вкалкулирани плати- зголемени од зголеменета вредност на бод од 51,24 на 53,7 поради зголемување на минималната плата, додека број на вработени во 12м.2020г. изнесувал 371 во ЈКП Комуналец плус 10 од АПВ , а во 12м. 2021г. 391 вработените во ЈКП Комуналец Прилеп плус 7 од АПВ;

*449-13 Трошоци по договор за дело за 5 работници;

*455-2 Отпис на побарувања по делбен биланс од 2004г. за заеднички сметки со ЈКП Водовод и канализација Прилеп;

*474-3 Исплатените извршни работни спорови во првиот квартал од 2021г. се со пресметана камата на главен долг , која треба да биде на терет на акумулирана добивка.

**Вкупните трошоци од двата квартали од 2021г. и 2020г. се разликуваат за 8% или за 4.637.774,00 ден.**



## В. Набавка на основни средства

Во период од 01.10.2021г. до 31.12.2021г. ЈКП Комуналец има набавено товарно возило МАН од 5 и 7 м/3 од 1.417.000,00 без ДДВ.

Во период од 01.10.2021г. до 31.12.2021г. се набавени основни средства со вкупна вредност од **1.450.266,00** денари.

## Г. Побарувања

Табела бр. 3 Побарувањата на парични средства

| | | опис | **30.12.2021г.** | **30.09.2021г.** |
|---|---|---|---|---|
| 110 | | Побарув. од поврзани субјекти | **1.670.877,50** | **2.170.877,00** |
| 120 | | Побарув.од купувачи | **121.695.490,00** | **118.362.982,00** |
| | | **Вкупно: 110 + 120** | **123.366.367,50** | **120.533.859,00** |

Табела бр.4 Аналитика на конто 120

| | опис | **31.12.2021г.** | **30.09.2021г.** |
|---|---|---|---|
| 1200 | Купувачи- правни лица | 27.632.894,50 | 24.650.624,90 |
| 1201 | Купувачи-граѓани | 77.737.344,50 | 77.217.218,00 |
| 1202 | Побарувања од граѓани од гробишта | 349.678,50 | 416.198,50 |
| 1203 | Купувачи дуќани | 1.543.733,50 | 1.525.664,50 |
| 1205 | Извршни побарувања | 1.902.492,00 | 1.902.492,00 |
| 1206 | Спорни побар.гробишта -тужени | 155.032,00 | 155.032,00 |
| 1208 | Спорни побарувања-правни лица | 9.197.823,50 | 9.247.823,50 |
| 1209 | Стечајни побарувања | 3.247.929,00 | 3.247.929,00 |

Кумулативно, процентот на наплата на побарувањата изнесува просечно 90%.

**Д. Обврски**

Табела бр. 5

| | опис | Салдо на 31.12.2021г. | Салдо на 30.09.2021г. |
|---|---|---|---|
| 220 | Добавувачи во земјата | **18.800.736,50** | **19.534.765,00** |

График бр. 3 според табела бр.5




На 31.12.2021 година вкупните парични средства на сите денарски жиро сметки изнесуваат 3.330.021,50 денари , а додека на девизната жиро сметка износот е 2.349.267,00 денари со противредност. На ДООЕЛ Терминал дадена е позајмица во износ од 55.013,00 денари.

Во период од 01,10,2021г. до 31,12,2021г.обврските за редовното ДДВ се плаќаат редовно и исплатен е вкупен износ од 1.270.089,00ден. во овој квартал, додека долгорочните обврски по основ на репрограмирано ДДВ се намалени за 150.000,00 во овој квартал, односно вкупно салдо заклучно со 31.12.2021г. за репрограмираното ДДВ изнесува 23.019.360,00денари. Аконтации за данок од добивка во овој квартал од 2021г. исплатени се вкупно 396.804,00 ден.

Од обврските према вработените, во овој квартал исплатен е остаток од новогодишен надомест за 2020г. во износ од 132.468,00, исплатени се две рати од вкупно 4 за регрес за годишен одмор за 2020г. во износ од 2.405.990,00 и исплатени се 104.917,00 денари за јубилејни награди. Како обврска за исплата во 2022г. останува последната рата за регрес за годишен одмор за 2020г. во износ од 1.116.781,00денар, регресот за годишен одмор за 2021г. во износ од 4.907.894,00 и новогодишниот надомест за 2021г. во износ од 7.137.369,00 денари.

ЈКП Комуналец Прилеп има останати неисплатени обврски према вработени за добиени правосилни пресуди за плаќање во износ од 244.809,00 ден., а на овој износ треба да се пресмета и исплати затезна законска камата со денот на исплата. Обврската по основ на данок од доход за исплатените работни спорови во овој квартал изнесува околу 72.969,00 денари.

Од обврските према Локална самоуправа Прилеп за ЈПП , со пресек со 31.12.2021г. останати се уште 9.757.112,00 ден.

ЈКП Комуналец Прилеп е јавно претпријатие кое со 31,12.2021 година има 391 вработени лица и 7 вработени преку АПВ , распределени на работни места во 5 сектори во склоп на самото претпријатие и тоа: сектор за подигање и селектирање на отпад, сектор за одржување на јавно прометни површини , сектор за одржување на паркови и зеленило , сектор за одржување на гробиштата и општ сектор.

**Напомена: ЈКП Комуналец се соочува со финансиски проблем веќе подолго време. Со покачувањата на минималната плата , покачувањето на цените на трошоците во последниот период, а нашите услуги се сеуште со истите цени од 2009година, јавното претпријатие е во тешка финансиска ситуација. Со последното покачување на минималната нето плата на 18.000,00 денари кое треба да се примени од платата за март 2022г. и поскапувањето на потрошувачката на електричната енергија, голема е неизвесноста за непречено работење на претпријатието.**

Изработка:

Рак.на Сектор за Финанс.работење
СнежанаТрумпеска

Одобрување:

Пом.директор за екон.и правни прашања
Снежана Николова

Овластен потписник:
**ВД Директор:**
**Рубинчо Абрашоски**

28.02.2022г.